**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 став (5) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ

## I. Општи процеси

### Предмет

Член 1

Со оваа уредба се уредува начинот, содржината, постапката и критериумите за дефинирање, подготвување, разгледување, оценување, евалуација, начин на одредување на приоритетни предлог проекти за јавни инвестиции, како и процесите на спроведување, следење и известување за реализацијата и екс пост преглед на проектите за јавни инвестиции.

### Дефиниции

Член 2

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следното значење:

**1. „Управување со јавни инвестиции“** е управување со проектите за јавни инвестиции, како што се дефинирани во Законот за буџети.

**2. „Образец за концепт на проект“** е концизен и структуиран документ кој ги презентира основните елементи на предложениот проект за јавна инвестиција, кој дава преглед на рационалноста, целите, стратешката сообразност на проектот и неговото потенцијално влијание од социјален, финансиски и економски аспект, како и влијание врз животната средина.

**3. „Пред-физибилити студија“** е документ кој содржи сеопфатна анализа и евалуација на финансиската и економска исплатливост и потенцијалниот успех на проектот за јавна инвестиција врз основа на секундарни податоци, кои се однесуваат на потенцијалната изводливост на проектот во однос на правните и техничките аспекти, влијанието на животната средина и друго.

**4.„Физибилити студија“** е документ кој содржи сеопфатна анализа и евалуација на финансиската и економска исплатливост и потенцијалниот успех на проектот за јавна инвестиција. Физибилити студијата ја испитува потенцијалната изводливост на проектот во однос на правните и техничките аспекти, влијанието на животната средина и друго.

**5. „Иницијатор на проект за јавна инвестиција“** е јавниот субјект кој иницира проект за јавна инвестиција, согласно Законот за буџети.

**6. „Предлагач на проект за јавна инвестиција“** е матичниот буџетски корисник или градоначалникот на општината, кој предлага проект за јавна инвестиција во негово име, односно во име на јавниот субјект кој е во негова надлежност, согласно Законот за буџети.

**Видови јавни инвестиции**

Член 3

(1) Предмет на оваа уредба се проекти за јавни инвестиции кои се спроведуваат од страна на сите јавни субјекти, согласно Законот за буџети, а кои во текот на инвестирање или оперативно користење се финансираат или кофинансираат од јавни приходи и други приливи, сопствени приходи на јавните субјекти, средства добиени од буџетот на Европска Унија или од меѓународни финансиски институции, вклучувајќи и задолжувања или за кои ќе се бара издавање на гаранција во согласност со законот со кој се уредува јавниот долг.

(2) Предмет на оваа уредба се проекти за јавни инвестиции за отстранување на последиците од природни непогоди, техничко – технолошки катастрофи, епидемии и други непогоди, кои се иницирани по истекот на шест месеци од настанување на непогодите.

(3) За проектите за јавна инвестиција за отстранување на последиците од природни непогоди, техничко – технолошки катастрофи, епидемии и други непогоди, кои ќе бидат иницирани во рок не подолг од шест месеци од настанување на непогодите, се применуваат само одредбите од членовите 20, 21 и 22 од оваа уредба.

**Примена на Уредбата**

Член 4

На проектите за јавни инвестиции поврзани со националната безбедност со статус на доверливост и на мерките во услови на прогласена кризна состојба на целата територија на Републиката или на одредени делови не се применува оваа уредба.

**Поделба на проектите за јавни инвестиции според проценетите трошоци**

Член 5

(1) Трошоците за реализација на проектот за јавна инвестиција првично се проценуваат во Образецот за концепт на проект од страна на иницијаторот и предлагачот на проектот за јавна инвестиција.

(2) Врз основа на проценетите трошоци, проектите за јавни инвестиции можат да бидат:

1) Проекти за јавни инвестиции од мала вредност, чии проценети трошоци се под 5.000.000 евра во денарска противвредност,

2) Проекти за јавни инвестиции од средна вредност, чии проценети трошоци се од 5.000.000 евра до 15.000.000 евра во денарска противвредност и

3) Проекти за јавни инвестиции од голема вредност, чии проценети трошоци се над 15.000.000 евра во денарска противвредност.

(3) Конверзијата во денарска противвредност на проценетите трошоци од ставот (2) на овој член се врши по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија за последниот ден од месецот кој му претходи на месецот во кој се поднесува Образецот за концепт на проект.

(4) Проектите за јавни инвестиции не можат да се делат на помали проекти заради избегнување на процесите на оценување и евалуација, согласно оваа уредба.

## Проекти за јавни инвестиции од мала вредност

Член 6

(1) За проектите за јавни инвестиции од мала вредност од член 5 став (2) точка 1) од оваа уредба се применуваат одредбите од членот 8 ставови (1) и (2) од оваа уредба, а евалуацијата, одредувањето приоритет, спроведувањето и следењето на овие проекти се врши согласно насоките за подготовка на фискалната стратегија и буџетот на државата, односно на општината, согласно Законот за буџети.

(2) За проектите за јавни инвестиции од мала вредност се подготвува Образец за концепт на проект од страна на иницијаторот на проектот. Образецот треба да помине низ процесот на внатрешна процена и проверка и да добие одобрување од страна на предлагачот.

(3) По спроведување на одобрувањето од страна на предлагачот согласно став (2) на овој член, Образецот за концепт на проект се поднесува до Министерството за финансии како нова иницијатива, односно до организационата единица која ги извршува работите за подготовка на буџетот на општината.

(4) Проектите за јавни инвестиции од мала вредност кои ќе бидат дел од буџетот за соодветната фискална година, ќе бидат во целост спроведувани и следени согласно одредбите за подготовка и извршување на буџетот согласно Законот за буџети.

## Меѓуресорска работна група/комитет

Член 7

Разгледувањето и одредувањето приоритет на новите иницијативи за проекти за јавни инвестиции на централната власт во форма на предлог проектни идеи, односно предлог проекти ја врши меѓуресорска работна група/комитет, формиран од страна на Владата на Република Северна Македонија, согласно член 20, став (2) од Законот за буџети.

## II. Дефинирање и подготовка на проект за јавна инвестиција

## Подготовка на Образец за концепт на проект

Член 8

(1) Предлог проектната идеја се подготвува на Образец за концепт на проект од страна на иницијаторот на проектот за јавна инвестиција.

(2) Комплетноста и севкупниот квалитет на податоците дадени во Образецот за концепт на проект се проверуваат од страна на предлагачот на проектот за јавна инвестиција.

(3) По спроведување на интерната проверка на квалитетот на предлог проектната идеја од став (2) на овој член, Образецот за концепт на проект се потпишува од страна на министерот/раководителот на предлагачот или од лице овластено од него, односно од страна на градоначалникот на општината и се доставува до Министерството за финансии.

(4) Образецот за концепт на проект со критериумите за проверка на квалитетот за секое оценско прашање се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на оваа уредба.

## Проверка на Образец за концепт на проект

Член 9

(1) Проверка на комплетноста и квалитетот на доставените податоци и информации во Образецот за концепт на проект за проектите за јавни инвестиции од средна и голема вредност од член 5 став (2) точки 2) и 3) од оваа уредба се врши од страна на Министерството за финансии, врз основа на критериумите за проверка на квалитетот за секое оценско прашање, согласно Образецот од Прилог 1 од оваа уредба.

(2) Образецот за концепт на проект нема да се разгледува доколку не е потпишан од страна на раководното лице на предлагачот или од лице овластено од него, односно од страна на градоначалникот на општината, согласно член 8 од оваа уредба.

(3) Предлог проектната идеја чиј Образец за концепт на проект има оценка „задоволително“ во сите оценски прашања се доставува на разгледување и оценување до меѓуресорска работна група/комитет од членот 7 од оваа уредба, односно до општината.

(4) Предлог проектната идеја чиј Образец за концепт на проект има оценка „незадоволително“ или „нејасно“ за некое оценско прашање, треба да биде ревидиран од страна на предлагачот.

**Потенцијал за јавно приватно партнерство**
**на проектната идеја**

Член 10

(1) Предлог проектната идеја чиј Образец за концепт на проект има оценка „задоволително“ согласно член 9 од оваа уредба, а за кој од страна на предлагачот е утврден потенцијал за јавно – приватно партнерство (во понатамошниот текст: ЈПП), во натамошниот тек на постапката треба да биде придружен со мислење за подобноста на предлог проектната идеја како потенцијално ЈПП од страна на надлежниот орган за ЈПП согласно закон.

(2) Мислењето од ставот (1) на овој член го дава надлежниот орган за ЈПП согласно закон на барање на предлагачот на проектот во рок од 14 работни дена од денот на приемот на барањето.

**Одобрување на предлог проектна идеја**

Член 11

(1) Предлог проектната идеја која е оценета со оценка „задоволително“, се внесува во Листа на предлог проектни идеи. Предлог проектната идеја содржи мислење од Министерството за финансии по однос на финансиските аспекти, потенцијалната одржливост и изводливост на проектната идеја врз основа на информациите добиени од страна на иницијаторот и предлагачот и мислење од надлежниот орган за ЈПП согласно закон од член 10 од оваа уредба, доколку станува збор за проектна идеја со потенцијал за ЈПП.

(2) Предлог проектната идеја, заедно со мислењата од ставот (1) на овој член се разгледуваат од страна на меѓуресорска работна група/комитет од членот 7 од оваа уредба, односно од работната група/комитет формиран од Советот на општината (во понатамошниот текст: работна група/комитет на општината), кој одлучува за прифаќање на проектната идеја, согласно целите и приоритетите на Владата на Република Северна Македонија, односно општината.

(3) Предлог проектните идеи кои се прифатени од страна на меѓуресорска работна група/комитет од членот 7 од оваа уредба, односно од работната група/комитет на општината, се внесуваат во Листа на оценети и одобрени предлог проектни идеи.

(4) Проектните идеи од Листата на оценети и одобрени предлог проектни идеи се внесуваат во Конечната приоритетна листа на предлог проекти за јавни инвестиции на Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината од член 17 од оваа уредба, при што истите ќе се сметаат за незрели проекти за кои не може да биде одреден приоритет за финансирање.

**Изработка на пред-физибилити или физибилити студија за проектот за јавна инвестиција**

Член 12

(1) По одобрување на проектната идеја од страна на меѓуресорската работна група/комитет од членот 7 од оваа уредба, односно од работната група/комитет на општината, иницијаторот и предлагачот на проектот го организираат процесот на изработка на пред-физибилити или физибилити студија за проектот за јавна инвестиција, така што обезбедуваат средства за финансирање на трошоците за изработката на овие студии во рамките на доделениот буџет за тековната или следната година, односно со програмата за работа и финансиските планови на јавните субјекти кои не се буџетски корисници.

(2) За проектите за јавни инвестиции од средна и голема вредност од член 5 став (2) точки 2) и 3) од оваа уредба, се подготвува физибилити студија, а за проектите за јавни инвестиции од голема вредност, може да се подготви и пред-физибилити студија, доколку иницијаторот на проектот смета дека е истото потребно.

(3) Меѓуресорската работна група/комитет од членот 7 од оваа уредба, односно работната група/комитет на општината одлучува за која проектна идеја од Листата на оценети и одобрени предлог проектни идеи, чиј Образец за концепт на проект покажал дека проектот има потенцијал за ЈПП, се изготвува пред - физибилити студија за процена на потребата и изводливоста на проект за јавни инвестиции, со анализа на можностите за финансирање и управување со проектот.

(4) Пред-физибилити/физибилити студијата за проект на јавна инвестиција ги содржи најмалку следните елементи:

- резиме на проектот и заклучоци за изводливоста;
- анализа на постојниот контекст;
- потреби и цели на проектот;
- анализа на побарувачката;
- анализа на опции;
- технички студии;
- финансиски трошоци на проектот и временски план за спроведување на проектот;
- финансиска анализа;
- економска анализа;
- анализа на вредноста за вложените парични средства кај ЈПП;
- влијанија врз животната средина и социјалните аспекти;
- спроведување и оперативна одржливост;
- анализа на ризик и анализа на чувствителноста и
- заклучоци за изводливоста на проектот.

(5) За предлог проектите за кои е подготвена пред-физибилити студија, по одобрување на предлог проектот од страна на Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината, се изготвува физибилити студија.

(6) За предлог проектите за кои во моментот на поднесување на иницијативата за проект за јавна инвестиција има изготвено важечка пред-физибилити/физибилити студија, се пополнува Образец за резиме на физибилити/пред-физибилити студија, и за истите не се подготвува Образец за концепт на проект.

(7) Проектите за кои е подготвена пред-физибилити студија, по одобрување на предлог проектот од страна на Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината, се внесуваат во прилог на Конечната приоритетна листа на предлог проектите

за јавни инвестиции на Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината од членот 17 од оваа уредба, при што истите ќе се сметаат за недоволно подготвени проекти за кои треба да биде направена подетална процена.

**Пред-физибилити/физибилити студија**

Член 13

(1) Пред-физибилити/физибилити студијата не треба да биде постара од три години од датумот на нејзината изработка. Доколку во овој период настане голема промена на околностите која има влијание на финансиската исплатливост на проектот, се врши ревидирање на физибилити студијата за проектот за јавна инвестиција од страна на предлагачот и иницијаторот на проектот.

(2) По истекот на три години, предлог проектот може да биде задржан во Конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции на Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината утврдена во член 17 од оваа уредба, доколку иницијаторот и предлагачот на проектот ја ревидираат физибилити студија и ја потврдат соодветноста на истата. Физибилити студијата треба да се ажурира најмалку во поглед на финансиската исплатливост на проектот.

**Образец за резиме на физибилити/пред-физибилити студија**

Член 14

(1) По изготвување на физибилити/пред-физибилити студијата, се пополнува Образец за резиме на физибилити/пред-физибилити студија од страна на иницијаторот на проектот.

(2) Резимето на физибилити/пред-физибилити студијата и физибилити/пред-физибилити студијата се проверуваат и одобруваат од страна на предлагачот и се доставуваат до Министерството за финансии.

(3) Образецот за резиме на физибилити/пред-физибилити студија е даден во Прилог 2, кој е составен дел на оваа уредба.

**III. Разгледување и оценување на проектите за јавни инвестиции**

**Оцена и евалуација на проект за јавна инвестиција**

Член 15

(1) Проверка на конзистентноста на Образецот за резиме на физибилити/пред-физибилити студија и физибилити/пред-физибилити студијата, со особен осврт на фискалното влијание, ризиците и одржливоста се врши од страна на Министерството за финансии.

(2) Образецот од став (1) на овој член и физибилити/пред-физибилити студијата за кои се утврдени недостатоци, треба да бидат ревидирани од предлагачот и иницијаторот на проектот.

(3) Предлог проектот за јавна инвестиција чиј Образец за резиме на физибилити/пред-физибилити студија и физибилити студија се оценети со оценка „задоволително“ е предмет на евалуација. При евалуацијата се земаат во предвид финансиските и фискалните аспекти, потенцијалната одржливост и изводливоста на предлог проектот и се врши бодирање на предлог проектот врз основа на критериумите за одредување приоритет од ставот (5) на овој член. Предлог проектот со препорака од страна на Министерството за финансии, односно работната група/комитет на општината се вклучуваат во Листата од ставот (6) на овој член.

(4) Во текот на постапката може да се побара дополнителна документација кон физибилити студијата, со која се докажува зрелоста на предлог проектот, како техничка и планска документација, оценка на влијанието врз животната средина, оценка на влијанието врз социјалните аспекти и друго, во согласност со барањата утврдени со закон.

(5) Критериумите за одредување приоритет особено се: приоритетноста на проектот за предлагачот на проектот за јавна инвестиција, стратешката релевантност на проектот, економската исплатливост на проектот, расположливоста на дополнително финансирање, климатска отпорност на проектот и влијание врз климатските промени.

(6) Листата на предложени, разгледани и оценети предлог проекти за јавни инвестиции, заедно со доделените бодови се доставува до меѓуресорска работна група/комитет од членот 7 од оваа уредба, на разгледување и определување приоритет.

**Утврдување на подобноста на предлог проектот за јавна инвестиција како потенцијално јавно-приватно партнерство**

Член 16

(1) Пред - физибилити студијата и резимето на пред – физибилити студијата за предлог проектите за јавни инвестиции од член 12 став (3) од оваа уредба, кои имаат оценка „задоволително“, а кои го содржат и предлагаат како потенцијално решение за реализација на конкретната инвестиција моделот на ЈПП, треба да бидат придружени со мислење за подобноста на предлог проектот како потенцијално ЈПП од надлежниот орган за ЈПП согласно закон.

(2) Надлежниот орган за ЈПП согласно закон го доставува мислењето од ставот (1) на овој член на барање на предлагачот во рок од 20 работни дена од приемот на барањето.

(3) Предлог проектот за кој е подготвена пред-физибилити студија, за кој Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината, одлучила дека е најсоодветно да се реализира како потенцијално ЈПП, продолжува да се реализира во постапка утврдена во законот со кој се регулира ЈПП.

## IV. Одредување приоритет на проекти за јавни инвестиции

**Подготовка на Конечна приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции**

Член 17

(1) За предлог проектите од Листата од членот 15 став (6) од оваа уредба, меѓуресорската работна група/комитет од членот 7 од оваа уредба, односно работната група/комитет на општината, одредува приоритет за финансирање преку рангирање на предлог проектите, имајќи ги предвид бодовите доделени врз основа на критериумите за одредување приоритет од член 15 став (5) од оваа уредба, како и целите и приоритетите на Владата на Република Северна Македонија, односно општината и утврдува Листа на прифатени и рангирани предлог проекти.

(2) Конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции и рангот на предлог проектите од Листата од ставот (1) на овој член се одобрува согласно целите и приоритетите на Владата на Република Северна Македонија, односно општината.

(3) Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината ја консолидира Конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции од ставот (2) на овој член.

(4) Предлог проектот останува на Конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции во период најмногу пет години. По истекот на овој период, предлог проектот за кој не е обезбедено финансирање се отстранува од Конечната приоритетна листа со можност повторно да биде иницирран.

**Транспарентност**

Член 18

(1) Министерството за финансии ги објавува Листата на предложени, разгледани и оценети предлог проекти за јавни инвестиции од член 15 став (6) од оваа уредба, Листата на прифатени и рангирани предлог проекти од член 17 став (1) од оваа уредба и Конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции на Владата на Република Северна Македонија од член 17 став (2) од оваа уредба, на својата веб страна.

(2) Градоначалникот на општината ги објавува Листата на предложени, разгледани и оценети предлог проекти за јавни инвестиции од член 15 став (6) од оваа уредба, Листата на прифатени и рангирани предлог проекти од член 17 став (1) од оваа уредба и Конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции на Советот на општината од член 17 став (2) од оваа уредба, на веб страната на општината.

**Предлагање на нови иницијативи во рамки на буџетскиот процес**

Член 19

(1) Во рамките на буџетскиот процес, за проектите за јавни инвестиции од средна и голема вредност од член 5 став (2) точки 2) и 3) од оваа уредба, предлагачот врши избор на проекти од Конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции и дава предлог за нови иницијативи врз основа на рангирањето на предлог проектите.

(2) Јавните субјекти кои не се буџетски корисници при подготовката на нивните инвестициони програми за работа вршат избор на проекти од Конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции, врз основа на рангирањето на предлог проектите.

**V. Спроведување, следење и известување и екс – пост преглед на проекти за јавни инвестиции**

**План за имплементација на проектот за јавна инвестиција**

Член 20

Иницијаторот на проектот по донесување на позитивна одлука за финансирање на проектот, што подразбира обезбедени средства во буџетот и/или склучен договор за финансирање на проектот подготвува и поднесува детален план за имплементација на проектот до Министерството за финансии. Планот за имплементација на проектот треба да биде во согласност со планот за имплементација на проектот презентиран во Физибилити студијата.

**Следење и известување за реализацијата на проектот за јавна инвестиција**

Член 21

(1) По започнување на проектот, иницијаторот на проектот ја следи физичката и финансиската реализација и доставува извештаи за напредокот на проектот до Министерството за финансии и предлагачот. Извештаите се доставуваат квартално, на Образец на извештај за следење на проект за јавна инвестиција, најдоцна 15 дена по изминувањето на кварталот.

(2) Образец на извештај за следење на проект за јавна инвестиција е даден во Прилог 3, кој е составен дел на оваа уредба.

(3) Завршен извештај за проектот се подготвува по завршување на сите градежни работи/набавки поврзани со проектот од страна на иницијаторот на проектот и се доставува до Министерството за финансии. Иницијаторот на проектот го објавува завршниот извештај за проектот на својата веб страна.

(4) Освен извештајот од ставот (1) на овој член, може да биде побаран дополнителен извештај за напредокот на проектот од иницијаторот на проектот.

(5) Реализацијата на проектот се следи врз основа на информациите дадени во документацијата од членот 20 од оваа уредба и ставовите (1), (3) и (4) на овој член.

(6) Полугодишен збирен извештај за реализација на портфолиото на проекти за јавни инвестиции се доставува до меѓуресорската работна група/комитет од членот 7 од оваа уредба и до Владата на Република Северна Македонија од страна на Министерството за финансии.

**Преглед на проблематични проекти**

Член 22

(1) Доколку при анализата на извештаите од иницијаторот на проектот се утврди отстапување од првичниот план за имплементација на проектот поголемо од 20% кумулативно (во однос на времето и/или трошоците), иницијаторот на проектот треба да даде детално образложение за причините за отстапувањето и предлог мерки за негово отстранување, во определен рок.

(2) Министерството за финансии ја известува Владата на Република Северна Македонија за проектите кај кои е утврдено отстапувањето од став (1) на овој член, а Владата на Република Северна Македонија може да побара од иницијаторот на проектот дополнителни информации поврзани со отстапувањето или да одлучи за корекција, одлагање или гаснење на проектот.

**Екс – пост преглед на проектот за јавна инвестиција**

Член 23

Проектите за јавни инвестиции од средна и голема вредност од член 5 став (2) точки 2) и 3) од оваа уредба се предмет на екс – пост преглед.

**Следење на тековни проекти**

Член 24

(1) За проектите за јавни инвестиции кои се во фаза на спроведување, се доставуваат извештаи за напредокот на проектот согласно членови 21 и 22 од оваа уредба.

(2) Проектите за јавни инвестиции кои се во фаза на спроведување, односно за кои е донесена одлука за финансирање на проектот, ќе бидат прикажани во посебен дел во Конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции на Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината од член 17 став (2) од оваа уредба.

**Прва Конечна приоритетна листа на предлог
проектите за јавни инвестиции**

Член 25

Првата Конечна приоритетна листа на предлог проекти за јавни инвестиции на Владата на Република Северна Македонија, односно советот на општината ќе се состои од предлог проектни идеи подготвени и проверени согласно членовите 8 и 9 од оваа уредба, кои се оценети и одобрени согласно членот 13 од оваа уредба и ќе биде одобрена во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на оваа уредба.

**Завршна одредба**

Член 26

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-578/12
8 април 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

Прилог 1

# Образец за концепт за проект

*Квалитетот на образецот за концепт на проект (ОКП) е во конечна мера одговорност на предлагачите. Кога се подготвува ОКП, а пред неговото доставување за оценка до Министерството за финансии (Сектор за УЈИ), предлагачот треба да преземе мерки со кои ќе осигура дека квалитетот на ОКП е доволно добар за да има најдобри можни шанси за успех. Табелата подолу е образец за концепт на проект со инструкции за предлагачите и оценувачите (упатство за проверка на квалитетот на десната страна). За сите прашања, проектот треба да добие „задоволително“, во спротивно проектот ќе биде вратен за доработка.*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. Детали за контакт** | | | |
| Иницијатор на проектот | | | |
| Име и позиција на иницијаторот на проектот | | | |
| Детали за контакт на иницијаторот на проектот *(телефон, е-пошта)* | | | |
| Лице за контакт за буџет и финансии на иницијаторот | | | |
| Детали за контактот за буџет и финансии на иницијаторот *(телефон, е-пошта)* | | | |
| Предлагач на проектот | | | |
| Име и позиција на предлагачот на проектот | | | |
| Детали за контакт на предлагачот на проектот *(телефон, е-пошта)* | | | |
| Лице за контакт за буџет и финансии на предлагачот | | | |
| Детали за контактот за буџет и финансии на предлагачот *(телефон, е-пошта)* | | | |
| **2. Идентификација на инвестицијата** | | | |
| Организациски код на буџетскиот корисник | | | |
| Идентификациски број | Доделува Секторот за УЈИ | | |
| Назив на проектот | *Погрижете се да го користите точниот целосен назив на проектот. Штом проектот ќе биде прифатен, називот прикажан во ова поле ќе стане негов официјален назив.* | | |
| | | | |
| Локација на проектот | *Ве молиме наведете ја локацијата на проектот со наведување на називот на регионот/градот и адресата, наведете геопросторни податоци или вметнете мапа, ако тоа е можно.* | | |
| | | | |
| Датум на започнување на проектот *(месец/година)* | | Проценет датум на завршување на проектот (месец/година ) | |
| *Ве молиме наведете го планираниот датум на започнување на проектот како објава за 1-та набавка во рамки на проектот* | | *Ве молиме наведете го датумот на завршување на проектот како време на примо-предавање на инфраструктурата во оперативна фаза* | |

| **3. Образложение за инвестицијата** | |
| --- | --- |
| 3.1. Тековни отворени прашања што треба да се решат. Оправдување за потребата од инвестиции<br><br>*Опишете ја моменталната состојба и отворените прашања од гледна точка на оние кои ќе имаат корист од инвестицијата. Кога зборувате за тоа што се случува сега, а што е потребно во иднина, обидете се да вклучите што е можно повеќе факти и детали. Објаснете го главниот проблем што проектот треба да го реши и опишете што го предизвикало проблемот и какви се неговите ефекти. Наведете ги причините зошто овој проект е добра идеја и зошто вреди да се инвестира во истиот.* | **Проверка на квалитет**<br>**Незадоволително =** Неуспешно е опишан проблемот или опишаниот проблем не се смета за значаен<br>**Нејасно =** Постојат несоодветни нумерички информации за размерите на проблемот<br>**Задоволително =** Проблемот и причините за истиот се целосно објаснети со одредени докази за размерот. |
| | |
| 3.2. Општи и конкретни цели на проектот<br><br>*Општа цел (влијание) се долгорочните придобивки што инвестицијата има за цел да ги постигне. Општите цели прецизираат зошто им е проектот потребен на директните корисници на инвестицијата. Јасно наведете ги целите што има за цел да ги исполни предлагачот со овој предлог. Истите треба да бидат решение за претходно наведениот проблем. Треба да постои единствена примарна цел изразена во не повеќе од две или три реченици и дополнителни конкретни цели.* | **Проверка на квалитетот**<br>**Незадоволително =** Целите не се поврзани со главниот проблем<br>**Нејасно =** Опишани се целите, но делумно го решаваат проблемот<br>**Задоволително =** Целите се јасно опишани како решение за проблемот |
| | |
| 3.3. Ако ЈПП се смета како опција за набавка, ве молиме дадете јасно оправдување зад таквото размислување<br><br>*Доколку иницијаторот на проектот смета дека ЈПП е добар начин за спроведување на проектната идеја, тоа треба да се наведе и објасни овде. Почетна споредба помеѓу традиционалната набавка и ЈПП (добри и лоши страни) треба да се даде овде, доколку тоа е применливо. Имајте предвид дека ако модалитетот со ЈПП е наведен како претпочитан, проектот ќе мора да добие позитивно мислење од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за понатамошните чекори.* | **Проверка на квалитетот**<br>**Незадоволително =** Не е направен сериозен обид да се одговори на прашањето<br>**Нејасно =** Дадениот одговор се однесува на прашањето, но образложението за ЈПП не е доволно<br>**Задоволително =** Јасно е зошто јавниот или приватниот или двата сектори би можеле да бидат спроведувачи на овој предлог проект |
| | |

| | |
|---|---|
| 3.4. Стратешка релевантност на проектот<br>*Ве молиме наведете конкретни врски со долунаведените документи и докажете дека спроведувањето на овој предлог ќе придонесе за постигнување на стратешките цели на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги барем:*<br>- *Секторските стратегии*<br>- *Национални придонеси кон климатските промени* | **Проверка на квалитетот**<br>**Незадоволително** = Не е утврдена врска помеѓу проектот и стратешките документи<br>**Нејасно** = Направено е упатување на релевантните стратешки документи, но не е дадено оправдување<br>**Задоволително** = Направено е упатување на релевантните стратешки документи и дадено е јасно објаснување за врската со предложениот проект. |
| | |
| 3.5. Кои и колку се планираните корисници на проектот?<br>*Ве молиме дадете преглед на примарните корисници на предложениот проект. Дополнително, наведете ја проценката на предвидената искористеност на проектот (колку корисници треба да очекуваме), повикувајќи се на релевантни достапни статистики, примери за слични проекти или спроведени истражувања. Ако упатувате на планирани податоци, ве молиме вклучете го изворот на таквите планови.* | **Незадоволително = Н**е се опишани предвидените корисници на проектот<br>**Нејасно =** Предвидените корисници на проектот не се јасно опишани или квантифицирани<br>**Задоволително =** Предвидените корисници на проектот се јасно опишани и квантифицирани |
| | |
| 3.6. Еднаквост меѓу мажите и жените<br>*Дали проектот ненамерно може да придонесе за родови разлики, да ја влоши ситуацијата кај жените и девојчињата или да има негативни ефекти врз еднаквоста меѓу мажите и жените?* | **Незадоволително =** Неуспешно е опишано влијанието на проектот врз еднаквоста меѓу мажите и жените<br>**Нејасно =** Влијанието на проектот врз еднаквоста меѓу мажите и жените е нејасна<br>**Задоволително =** Добро е презентирано влијанието на проектот врз еднаквоста меѓу мажите и жените |
| | |
